

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Сликарот Коле Манев е познат македонски ликовен уметник и филмски работник од областа на документаристиката. Со своите уметнички дела е познат и признат не само во Македонија, туку и на Балканот и пошироко. Коле Манев тргна од селото Бапчор, Костурско во егејскиот дел на Македонија и стаса до Париз. За своето ликовно творештво го доби одликувањето „Почесен витез на творештвото“**

Ликовниот уметник  Коле Манев досега имал на шест самостојни изложби, а учествувал

и на неколку групни претставувања во Париз, во Франција, неговата трета татковина. Неговото име е поврзано со организирање на ликовни претставувања на македонски уметници во Франција и на француски уметници во Република Македонија.

Од досегашните претставувања на македонската ликовна уметност во Париз, на Манев може да се издвои изложбата на ДЛУМ во 1996 година по повод 50 години од постоењето на друштвото и изложбата „Ликовни средби“, а во Амбасадата на Македонија во Париз, тој го има претставено својот богат опус, изложувајќи дваесетина дела.

Коле Манев е роден на 5 април 1941година во селото Бапчор, во егејскиот дел на Македонија. Тој е сликар и филмски работник од областа на документаристиката. Како дете - протерано заминал во непознат правец заедно со дваесеттина илјади Македончиња протерани од Егејска Македонија. Од Бапчор има многу познати и признати Македонци ширум светот.

Македонското револуционерно село Бапчор е планинско село со непрегледни пасишта во Општината Костур, во Егејска Македонија, денес во областа Западна Македонија, Грција. Селото се наоѓа на 15 километри североисточно од градот Костур (Касторија) и Костурското Езеро, во историско-географската област Пополе, во падините на Нередска Планина.

Според локалните преданија, Бапчор настанало од жителите на населбите Ровици, Круша и Козјак - најверојатно во средниот век. Своето име тоа го добило од зборот бач, односно старешина на бачило. За време на османлиското владеење Бапчор било место каде се криеле ајдутите.

Тоа е големо македонско село, во кое според пишаните документи во 1905 година во селото живееле 1360 Македонци и работело егзархиско училиште. Поради активното учество на локалното население во Илинденското востание, селото настрадало од страна на османлиските војски. Според писмото на водачите на востанието во Костурско, Васил Чакаларов, Лазар Поптрајков, Пандо Кљашев, Манол Розов и Михаил Розов, кое било испратено до сите странски конзулати во Битола на 30 август 1903 година, во селото на 22 август биле убиени дваесетина Македонци.









**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**